МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ
YOUTH EDUCATIONAL FORUM

**Здружение на граѓани**
**"Младински образовен форум"**
Партизански одреди 21/2-4
1000 Скопје, Македонија
02 31 39 692, 02 31 14 412
info@mof.org.mk, www.mof.org.mk

Почитувани,

Ви пишуваме во врска со Предлог на Законот за високо образование од април 2007 година. Најнапред сакаме да го изразиме нашето задоволство за внесување на Студентскиот парламент како форма на претставување на студентите во високо-образовните установи. Не радува и фактот што Предлог на Законот ја имплементира Magna Charta Universitatum, и го зајакнува статусот и надлежностите на универзитетот наспроти факултетите, со што конечно ќе се обезбедат еднакви услови за студирање на ниво на универзитет.

Сепак, сакаме да ја изразиме нашата загриженост за сериозните слабости на дел од решенијата во Предлог на Законот, особено во делот кој се однесува на учеството на студентите во управувањето на високо-образовните установи. Учеството на студентите во управувањето е значаен дел до Болоњскиот процес. Така, во **комуникето од министерската средба во Прага во мај 2001**, министрите за образование истакнаа дека **„студентите се полноправни членови на академската заедница"** и затоа треба да им биде признаено правото на студентите да бидат **„компетентни, активни и конструктивни партнери"**. Министрите го потврдија правото на студентите да учествуваат и влијаат во организацијата и содржината на образованието во универзитетите и другите институции во високото образовани. Дополнително, по средбата во Берлин, во септември 2003 година, министрите ја подвлекоа **нужноста од континуирано учество на студентите во процесот и управувањето во високото образование**. Во комуникето од Берлин, министрите ги повикаа институциите да превземат мерки со кои ќе го зголемат учеството на студентите во управувањето во високото образование.

Нашите забелешки, се во линија и со Националната стратегија за млади на Република Македонија, во која една од стратешките цели е активно учество на младите во креирањето на образовниот процес. Националната стратегија предвидува зголемување на бројот на претставниците на студентите во органите во високото образование, како и активно вклучување на младите во развојот, имплементацијата и евалуацијата на законите од областа на образованието.

Истовремено, од големо значење е законот што ќе се донесе да биде конзистентен со меѓународните и со европските стандарди во оваа област. **Најновата верзија на Предлог на Законот**, којашто беше јавно објавена на веб страната на Министерството за образование, за жал, **заостанува зад овие стандарди во областа на учеството на студентите во управувањето**.

**Најмногу сме загрижени поради следново:**

- фактот што студентското организирање (Студентскиот Парламент) е изоставен и не се споменува како составен дел на универзитетот, односно невбројувањето на истиот како орган на високо образовната институција

- Недоволно детално дефинирање на статусот и принципите на функционирање на Студентскиот парламент. Предлог на законот не го регулира Студентскиот парламент доволно и се остава истиот да биде дорегулиран со општите акти. Имајќи ја предвид досегашната пракса сметаме дека ваквото решение е опасно.

- недоволното инволвирање на студентите управувањето со високообразовната установа, а пред се овозможување на непосредно учество во одлучувањето за прашања кои се однесуваат на студентскиот стандард и квалитетот на наставата. Изоставувањето на вака исклучително важни одредби во законот директно ги спречува студентите да добијат можност преку своите претставници да се изборат за своите права и да се слушне нивниот глас и мислење за прашања кои непосредно ги засегаат. Дополнително, Предлог на законот не обезбедува загарантирано учество на студентите од сите степени на студии, што е препорака на Советот на Европа;

- недоволно дефинирање на улогите на студентска конференција, состав и статус на универзитетскиот сенат во рамките на законот;

Нашите конкретни предлози срочени во амандманска форма ви ги доставуваме во прилог на ова писмо. Од исклулителна важност е сериозно да ги разгледате овие интервенции кои и покрај фактот што се предложени од страна на една сериозна младинска невладина организација почиваат на барањата и очекувањата на близу 11 000 студенти кои заслужуваат модерно демократско и европско високо образование.

Сметаме дека доставувањето на овие предлог амандмани до Вас како народен избраник ке резултира со соодветна интервенција во рамките на собраниската расправа по овој правен акт. Важно е да се има на ум дека овие амандмани се структурирани околу студентските права, интереси и самиот процес на одлучување во високо образовните институции во Македонија. Овие области треба да бидат соодветно регулирани и да одговараат на барањата на 11 000 студенти потпишани на петицијата за формирање на плуралистичко и демократско студентско организирање.

Во прилог на ова писмо Ви доставуваме:
Предлог амандмани (15 на број) за изменување и дополнување на Предлог на Законот за високо образование.

Со почит,
*Александар Стојановски*
*Координатор на студентска програма*
*075 44 17 11*